Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-та седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-1201 од 16.03.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема можност да обезбеди дополнителни информации за проверка на наводите во пријавата.

Предметот со број 09-1201 од 16.03.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на непознат подносител, на ден 16.03.2021 година, поднесена е пријава со наводи објавени во портали дека ------ ------- во ноември минатата година склучил договор со приватна компанија ------ ------ ------ ------- -- - ------ за набавка на градежен материјал за потребите на затворот во вкупна вредност од 212.000,00 денари, по што е оформен предмет број 09-1201/1 од 16.03.2021 година.

Со пријавата е приложен и договорот со вредности по одделни позиции, дека набавката се врши од сопствените приходи на установата, со отворена постапка за прибирање понуди и со објавување во Електронскиот систем за јавни набавки. Она што е спорно во целиот случај, како што наведува пријавителот е тоа што сопственикот на фирмата добавувач, бил во блиска роднинска врска со вработен во битолскиот затвор.

Со цел потврдување на наводите и утврдување на фактичката состојба, редакцијата на медиумот контактирала со директорот на ------- ------, кој истакнал дека постапката за јавната набавка ја спроведувала Комисија за јавни набавки и дека тој немал никакво влијание во нејзиниот тек, при што конкретната набавка била спроведена со електронска аукција преку Бирото за јавни набавки, што значи дека ниеден филтер не бил заобиколен.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата, нема доволно податоци со кои би се утврдило за кое лице станува збор, кога се зборува за евентуална состојба на судир на интереси, поради склучениот договор со фирма во

сопственост на негово блиско лице и нема можност да се обезбедат дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил:Е.Н, соработник
Одобрил: К.Н, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**